ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 22-128/7**

**Дата: 30.08.2012**

**ДО**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на расходите за државни стипендии кои се вклучени во Билансот на приходи и расходи, заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за образование и наука (во понатамошниот текст МОН) на сметката на основен буџет за 2011 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за наменското и законско користење на средствата на МОН за 2009 година во кој се опфатени и расходи за државни стипендии за кои е изразено негативно мислење. Со ревизијата за 2011 година беше опфатено и спроведувањето на препораките, дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2009 година, кои се однесуваат на расходи за стипендии, при што е констатиран задоволителен напредок во имплементацијата на препораките. Од вкупно 8 препораки 2 препораки се однесуваат за расходи за стипендирање, од кои една е целосно спроведена, а една делумно.

Ревизијата изрази мислење без резерва за реалноста и објективноста на расходите за стипендии во Билансот на приходи и расходи и усогласеност со законските прописи за годината што е предмет на ревизија, а за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива се воздржуваме од давање мислење.

Со ревизијата утврдивме слабости во повеќе области, кои се однесуваат на:

- активностите на МОН во врска со следење на обврските на студентите предвидени во договорите за доделени студентски кредити за враќање на средствата доколку не дипломирале во предвидениот рок, можноста за целосно или делумно ослободување од оваа обврска доколку завршиле во предвидениот рок како и ризиците за наплата на побарувањата кои произлегуваат од оваа состојба (точка 4.2.2)
- слабостите и ризиците кои произлегуваат од начинот на планирање и реализација на Програмата за научно-истражувачка дејност за 2011 од аспект на неможност за целосно исполнување на предвидените активности (точка 4.1.1.)
- неизвршено сметководствено евидентирање на побарувања и обврски за доделени стипендии, нереално искажување на позицијата долгорочни кредити и позајмици во земјата и неизвршен попис на истите ( точка 4.2.)
- функционирањето на интерни контроли при доделување на студентски стипендии од аспект на веродостојноста на искажаните износи во потврдите за месечна плата на вработените лица - членови на семејството. (точка 4.1.1.)
- постапување на Комисијата за доделување стипендии за студенти на додипломски студии во земјата при разгледување на жалбите од студенти на кои не им е доделена стипендија. (точка 4.1.2.)

Во однос на наведените наоди, ревизијата препорачува МОН да преземе соодветни мерки за утврдување на фактичката состојба на доделените студентски кредити согласно условите во договорите и законските прописи, доделувањето на стипендии за последипломски и докторски студии да ги реализира согласно средствата и намените планирани со Годишната програма за остварување на научно-истражувачката дејност, технолошко-техничкиот развој во РМ, да изврши попис на побарувањата и обврските за стипендии и студентски кредити и истите сметководствено да ги евидентира и прикаже во Билансот на состојба. Со цел потврдување на веродостојноста на износите во доставените потврди за исплатена плата на вработените членови на семејството на студентот да се предвиди и доставување на друга релевантна документација од надлежни институции. Комисијата за доделување на стипендии, при разгледување на жалбите од студенти да ја има предвид долната граница на бодови утврдена за последниот кандидат на конечната ранг листа под која не може да се додели стипендија и другите услови од конкурсот.

Ревизијата, обрнува внимание за ефектите од критериумите утврдени во Конкурсот за доделување на стипендии за додипломски студии за академската 2010/11 година во однос на утврдениот број на стипендии за талентирани студенти, кои дури и во услови на остварен просек во студирањето од 10,00 поради високи материјални примања по член на семејство на овие студенти не им е доделена стипендија.

Примени се забелешки од законскиот застапник на субјектот, кои претежно претставуваат објаснување и известување за постојните состојби и актуелните активности на министерството. Забелешките се разгледани и е одлучено дека немаат влијание на утврдените ревизорски наоди во Нацрт извештајот, освен забелешката во врска со планирањето на средствата за последипломски студии, која делумно е прифатена и извршена е корекција во Конечниот извештај.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на расходите за државни стипендии искажани во Билансот на приходи и расходи - прикажани во приложен преглед на страна 14 заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за образование и наука - сметка на основен буџет, кој се состојат од прегледот на расходи за стипендии за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на расходите за стипендии од Билансот на приходи и расходи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 19 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за наменското и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи на Министерството за образование и наука за 2009 година и е изразено негативно мислење.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Никола Тодоров – министер од 07.08.2009 година до 28.07.2011 година
- Панче Кралев – министер од 28.07.2011 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за расходите за стипендирање во финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за

тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали расходите за стипендирање на Министерството за образование и наука се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на расходите за стипендии од Билансот на приходи и расходи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали расходите за стипендирање искажани во Билансот на приходи и расходи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали Билансот на приходи и расходи е изготвен, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на расходите за стипендирање во Билансот на приходи и расходи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во Билансот на приходи и расходи, се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Билансот на приходи и расходи–расходите за стипендирање кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали Билансот на приходи и расходи е ослободен од материјално погрешни прикажувања.

Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во Билансот на приходи и расходи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во Билансот на приходи и расходи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на Билансот на приходи и расходи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на Билансот на приходи и расходи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 08.03.2010 година до 31.05.2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките

3.1 Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на дел од препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2009 година кои се однесуваат за расходите за стипендирање.

### 3.2 Заклучок од освртот на ревизијата од претходната година

Од вкупно 8 препораки дадени во конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2009 година, 2 препораки се однесуваат на расходите за стипендирање, од кои една препорака е целосно спроведена и една е во тек.
Наведеното укажува дека од страна на МОН е направен задоволителен напредок во имплементацијата на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор од 2009 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 08.06.2012 година.
На ден 08.08.2012 година, примени се забелешки од Законскиот застапник на субјектот под број 20-5593/2 од 06.08.2012 година по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор,.
Истите се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и е заклучено дека забелешките на точка 4.2.1. точка 1; 4.2.2. и 4.2.3, не се прифаќаат бидејки претставуваат само објаснување за утврдените состојби и известување за преземените активности за надминување на слабостите. Делумно е прифатена забелешката по наодот во точката 4.2.1. точка 2. и дел од него е преформулиран со Конечниот извештај
Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата по истите се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

### 4.1 Интерни контроли

4.1.1. Во согласност со условите и критериумите предвидени во конкурсот за доделување стипендии на студенти за додипломски студии за 2010/2011 година, за критериумот материјални можности на студентите и нивните семејства, покрај Уверението од Управата за јавни приходи за остварени приходи по разни основи за двајцата родители-старатели на кандидатот поединечно и за самиот кандидат, студентите задолжително треба да достават и потврди за исплатена плата на вработените членови во семејството за месец септември 2010 или доколку за овој месец не е исплатена, потврда за последната исплатена плата, издадена од организацијата каде е вработено лицето. Доколку месечните примања на семејството по член се повисоки од 75% од просечно исплатената месечна нето плата во РМ не се добиваат бодови. Со увидот во дел од потврдите ревизијата констатира дека во истите се наведени релативно ниски износи на остварена месечна плата (од 2-6илјади денари) за работни места на вработени во приватни фирми (управители и други вработени) кои МОН ги земало предвид при бодирањето поради што ревизијата не можеше целосно да се увери во веродостојноста на податоците наведени во потврдите. Од овој аспект МОН нема воспоставено систем на проверка на веродостојноста на податоците наведени во потврдите, односно нивна проверка преку извод од трансакциска сметка или декларација за прием издадена од УЈП и заверена од соодветна

банка. Овие документи и покрај тоа што Конкурсот не ги предвидува може да се сметаат како поверодостојни за потврдување на износот на исплатената плата наведена во потврдата, бидејќи овој критериум има значајна улога за доделување бодови по овој основ и може да биде одлучувачки во услови на остварен ист успех, доколку износите во потврдите не се реално прикажани.

**Препорака**

МОН, во Конкурсите за условите за доделување стипендии, за потребни документи, покрај потврдата за исплатена плата да предвиди декларација за прием издадена од УЈП и заверена од соодветна банка, со цел потврдување на веродостојноста на податоците во потврдата.

## 4.2 Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Во согласност со член 2 и 11 од Правилникот за начинот и постапката за финансирање, создавање и усовршување на научно истражувачки кадри, МОН доделува еднократни средства во висина од 21 илјада денари по корисник за изработка на магистерски и докторски трудови на лица на кои им е прифатен трудот од Наставно- научен совет. МОН, наместо по постапка со објавување на конкурс како што е предвидено со членот 52 од Законот за научно истражувачка дејност во кој би се утврдил бројот на стипендисти согласно расположивите средства, средствата за оваа намена, ги доделува за барања доставени од заинтересираните кандидати кои ги прима во текот на годината. Поради вака воспоставената пракса на прибирање на барањата, од јули 2010 до февруари 2012 година, МОН примило 1.240 барања со проценета вредност од 28.520 илјади денари, кои Комисијата формирана со решение на министерот во ноември 2011 година не ги разгледала. Констатиравме дека во тој период скоро целосно биле потрошени средствата кои со Програмата за научно-истражувачка дејност за 2011 година се планирани за доделување стипендии за последипломски и докторски студии. Имено, од оваа позиција од првично планираните 13.720 илјади денари, во март 2011 година исплатени се 9.157 илјади, за уписнина на 20 студенти согласно распишан конкурс во ноември 2010 година за доделување стипендии за студии од втор циклус за извршната МБА програма на Универзитетот Шефилд од Велика Британија, лоциран во Солун. Ваквиот начин на распределба на средства за стипендии има за ефект подолго време МОН да не исплаќа средства за изработка на магистерски и докторски трудови што не е во согласност со намените и средствата планирани со Годишната програма за 2011 година.

**Препорака**

- МОН во иднина, согласно Законот за научно истражувачка дејност да распишува Конкурс за доделување средства за изработка на магистерски и докторски трудови во кој ќе биде утврден бројот на корисниците.
- Активностите за доделување стипендии да ги реализира согласно средствата и намените планирани со Годишната програма за остварување на научно-истражувачката дејност, технолошко-техничкиот развој во РМ.

4.2.2. Студентите кои аплицирале за стипендии за додипломски студии по распишан Конкурс за академската 2010/2011 година за стипендии за талентирани студенти-типот А и стипендии за студенти – тип Б, а на кои не им е доделена стипендија известени се со решенија со правна поука да поднесат жалба преку МОН до Комисијата за решавање во управна постапка во втор степен од областа на образованието, науката и културата при Владата на РМ. Од поднесените жалби, 33 жалби, се разгледани и усвоени од Комисијата за доделување на стипендии на студенти при МОН и согласно извештајот на истата прифатени се 16 жалби за недоделени стипендии од тип А и 17 од типот Б. Од увидот во документацијата, констатиравме дека прифатени се жалби на студенти со остварен успех од 9-10, но дел од нив ( 10 од тип А и 3 од тип Б) биле рангирани под долната граница на бодови утврдена за последниот кандидат на конечната ранг листа како и жалби на студентите кои не добиле стипендија за типот за кој конкурирале, односно доделена им е стипендија од друг тип за кој не конкурирале. На овој начин се ставени во нерамноправна положба студентите кои не добиле стипендија, а се повисоко рангирани во однос на оние на кои им се прифатени жалбите .

**Препорака**

Комисијата за доделување стипендии, при разгледување на основаноста на жалбите и давање предлог за нивно усвојување да ја има предвид долната граница на бодови утврдени за последниот кандидат на конечната ранг листа под која не може да се додели стипендија и да не дава предлог за доделување стипендии од друг тип, на студенти кои не исполниле услови за доделување стипендии од типот за кој конкурирале.

## 4.3 Финансиски извештаи

### Ставки поврзани со расходите за стипендии

4.3.1. Согласно Правилникот за доделување финансиски средства за создавање на научно-истражувачки кадри, МОН доделувало стипендии за последипломски студии и докторски студии во земјата и странство. Корисниците на стипендиите со договорот за доделување на стипендија се обврзале во време од 5 години сметано од денот на започнувањето на стипендирањето, односно 5 години од денот на прифаќањето на докторскиот труд, да магистрираат односно докторираат, а доколку не ја исполнат оваа обврска должни се да ги вратат искористените средства. Иако овој рок за склучените договори од академската 2001/2002 заклучно со 2005/2006 истекол во периодот од 2007 до 2011 година, за прв пат по писмени известувања на МОН во октомври 2010 година дел од лицата го вратиле долгот. До април 2012 година евидентирани се 218 лица кои за доделените стипендии за последипломски и докторски студии по овој основ на министерството му должат 24.080 илјади денари. Овој износ на средства не е евидентиран како побарување во сметководствената евиденција на МОН, што не е во согласност со член 19 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници туку истиот е заведен во интерна евиденција на Секторот за наука и техничко-технолошки развој. Во март 2012 година МОН поднело тужби за враќање на стипендии по судски пат за 61 лице кои склучиле договори во академската 2001/2002 година во вкупен износ од 5.937 илјади денари, имајќи предвид дека тоа е краен рок на застареност согласно членот 360 од Законот за облигациони односи.

### Препорака

- МОН за склучените договори по 2007 година да продолжи со известувањето на лицата кои нема да го запазат крајниот рок од 5 години за магистрирање/докторирање утврден во договорот за доделување стипендија, и да обезбеди тековна евиденција на овие лица, благовремена наплата на побарувањата, односно избегнување на нивна наплата по судски пат.
- МОН да изврши сметковдостевено евидентирање на искажаните побарувања во интерната евиденција.

**4.3.2** Заклучно со 31.12.2011 година на позицијата Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство евидентирани се средства во вкупен износ од 1.086.026 илјади денари за дадени студентски кредити од 1998/99 година заклучно за 2009/10 година кога за последен пат е распишан конкурс за доделување на студентски кредити. Согласно склучените договори корисникот на кредитот се ослободува целосно или делумно од обврската за враќање на кредитот ако со успех ги заврши студиите во предвидениот рок и поднесе документи, односно доколку не заврши во предвидениот рок да почне да го отплаќа најдоцна во рок од една година од завршувањето на студиите. Најголем дел од студентите не постапиле согласно условите од договорот односно не го известиле министерството, ниту пак министерството редовно го следел нивниот статус со цел целосно или делумно ослободување од обврската на студентите за враќање на кредитот што завршиле или со наплата на побарувања од студентите кои не завршиле во предвидениот рок преку активирање на поднесената меница. Поради можноста дел од побарувањата да се постари од пет години, согласно општиот рок на застареност утврден со Законот за облигациони односи, доколку министерството не преземе соодветно дејствие, постои ризик истите да застарат и да не можат да се наплатат. Иако горенаведениот износ се води во сметкодвствената евиденција, ревизијата не изразува уверување во објективноста на побарувањата поради тоа што пописот на истите за 2011 година е направен со преземање на состојбата од сметководството без комисијата за попис да ја утврди старосната структура како и дали и какви мерки се преземени за наплата, што не е во согласност со член 19 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и член 29 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

**Препорака**

МОН да ја утврди старосната структура на побарувањата односно да превземе соодветни мерки согласно условите во договорите и законските прописи со цел утврдување на фактичата состојба на доделените студентски кредити, имајќи предвид дека состојбите на оваа позиција подолг временски период не се целосно ажурирани.

**4.3.3** Во сметководствената евиденција на МОН не се заведени обврски за неисплатени стипендии за ученици и студенти во вкупен износ 35.462 илјади денари од евидентираните во интерна евиденција на одделението за ученички

и студентски стандард заклучно со 31.12.2011 година. Пописната комисија не извршила попис на наведените обврски како што е предвиено во член 29 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисиници. Наведеното има за ефект нереално прикажување, односно значајно потценување на позициите „Активни временски разграничувања“ и „Краткорочни финансиски обврски “ од Билансот на состојба што не е во согласност со член од 19 од Законот за сметководтсвото за буџетите и буџетските корисници.

**Препорака**

МОН сите неисплатени обврски на крајот на годината да ги заведе во сметководствената евиденција и да изврши попис на истите со цел реално искажување на билансните позиции.

**Вкупни ефекти од наодите**

Поради ефектите од наодите изнесени во точка 4.3. а кои се однесуваат на: неизвршено сметководствено евиднтирање и реално искажување на побарувањата и обврските за стипендии и студентски кредити, неизвршен попис и утврдена старосна структура на истите согласно барањата на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на прикажаните соодветни позиции во Билансот на состојбата на ден 31. Декември 2011 година.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за Биланс на приходи и расходи**

Според наше мислење, расходите за стипендии во Биланс на приходи и расходи на Министерството за образование и наука – Сметка на основен буџет се вистинито и објективно прикажани во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со законите и прописите**

Според наше мислење, поради ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.3. погоре, ние не сме во можност да изразиме мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Министерство за образование и наука - сметка на основен буџет настанати како резултат на расходи за државни стипендии, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

**6.1** Со оглед дека Законот за ученички и студентски стандард не предвидува интерен акт, видовите на додипломски стипендии и студентски кредити, бројот на стипендии за студенти запишани на додипломски студии од јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во РМ, како и условите и критериумите за нивно доделување се утврдуваат со Решение на министерот, врз основа на кое МОН распишува конкурс.

До студиската 2009/2010 година, МОН доделувало еден вид додипломски стипендии за 1.600 студенти во висина од 3.630 денари месечно и 1600 студентски кредити во висина од 2.420 месечно за девет месеци во годината според критериумите за остварен успех во студирањето и материјалните можности на студентите и нивните семејства. За студиската 2010/2011 година се напушта доделување на овој тип на стипендии и се укинуваат студентските кредити. Со Решение на министерот за распишување конкурс за прв пат се воведуваат 3 типа додипломски стипендии за доделување на 2.800 стипендии. Во Конкурсот за доделување стипендии предвидени се 200 стипендии од типот А, насловени како стипендии на министерот за образование и наука за талентирани студенти, во висина од 4.000 денари. Од увидот во документација, констатиравме дека иако за критериумот материјални можности на студентите и нивните семејства може да се доделат најмногу 10 бодови, истиот имал значително влијание во однос на критериумот остварен успех во студирањето, за кој може да се доделат 90 бода. Согласно предвидениот број во Конкурсот доделени се 200 стипедии на студенти со остварен успех од 9,5-10 и материјални можности во семејството под 30 илјади денари, а на 320 студенти кои ги исполнуваат условите со остварен успех од 8,5-10 и материјални можности во семејството над 30 илјади денари не им е доделена стипендија.

Дел од овие студенти конкурирале и за стипендија од типот Б, во висина од 3.000 денари, но на голем број од нив исто така не им е доделена бидејќи и за овој вид стипендија критериумот материјални можности имал големо влијание со оглед дека за него може да се додели најмногу 40 бода во однос на критериумот остварен успех во студирањето за кој може да се доделат најмногу 60 бода и ја добиле студентите со просек од 8,5-10 и материјални можности во семејството од 30 до 40.000 денари. Дел од студентите со овој просек поради материјални можности во семејството од 30.000 до 60.000 денари и повеќе не добиле ниеден од овие два типа стипендии. Дел од нив конкурирале и доделена им е стипендија од тип В, која е наменета за студенти од социјални категории во висина 2.500 денари. Конкурсот за овој тип стипендија два пати е објавуван поради недоволно пријавени кандидати, но и по втората објава останале недоделени 528 стипендии, што овозможило студентите одбиени за стипендии во тип А и Б да добијат стипендија од типот В. За академската 2011/2012 година овој тип стипендија се доделил скоро целосно во предвидениот број што упатува дека во наредните академски години се повеќе ќе се доделуваат стипендии на студенти со остварениот успех кој не е лимитиран со долна граница на просечен успех и со мали приходи во семејството.

Извршените анализи упатуваат дека дефинираните критериуми во конкурсот за стипендии за талентирани студенти-тип А и тип Б-стипендии за студенти и предвидениот број за истите, во наредните академски години ќе има за ефект студентите со високи просеци и високи материјални можности во семејството да не добијат ниту еден тип на стипендија. Ревизијата е на мислење дека еден од начините да се надмине оваа состојба е зголемување на бројот на стипендии или промена на критериумите кои ќе овозможат приоритет на отстварениот успех во однос на материјалните можности во семејството.

Скопје, 21.08.2012 година

**Министерство за образование и наука**
Република Македонија

[redacted]

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 08. 08. 2012 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 22 | 128/6 | | |

**Министерство за образование и наука**

Бр. 20-5593/2
06.08.2012 год

Мито Хаџивасилев Јасмин б.б.
1000 Скопје,
**Република Македонија**

Тел. (02) 3117896
Факс: (02) 3118414

Сајт: **www.mon.gov.mk**

ISO 9001:2008

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
**ул. „Македонија“ бр. 12/3**
СКОПЈЕ

ПРЕДМЕТ: **Забелешки на Нацрт извештај за извршена ревизија**
ВРСКА: **Ваш бр. 22–128/5 од 03.07.2012 година**

Почитувани,

Во врска со доставениот Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор за извршена „ Ревизија на расходи за државни стипендии заедно со ревизија на усогласеност за 2011 година“ на Министерството за образование и наука бр.20-5593 од 05.07.2012 година Ви ги доставуваме следните забелешки :

Точка 4.2.1.

1. Во однос на наодот 4.2.1. во делот што се однесува на доделување на еднократна помош за финансирање, создавање и усовршување на научно истражувачки кадри, Ве известуваме дека од почетокот на оваа година со донесување на Правилникот за начинот и постапката за финансирање, создавање и усовршување на научно-истражувачките кадри („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12) не се врши прием на барања за доделување на еднократна помош за изработка на магистерски и докторски трудови се до објавување на Конкурс за истите.

2. Во однос на доделување на стипендии за студии од втор циклус за извршната МБА програма на Универзитетот Шефилд од Велика Британија, лоциран во Солун, напоменуваме дека со Програмата за остварување на научно-истражувачката дејност, технолошко-техничкиот развој во Република Македонија за 2011 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/2011) и Програмата за изменување на Програмата за остварување на научно-истражувачката дејност, технолошко-техничкиот развој во Република Македонија за 2011 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2011) во точка 1.9 во образложението на програмата и точка 9 од прегледот на распределените средства за научно истражувачка

[redacted]

дејност за 2011 година предвидени се сите средства планирани и наменети за доделување на различни стипендии за студии од втор и трет циклус, без оглед на видот на истите. Затоа констатацијата дека овие стипендии не биле планирани со програмата не можеме да ја прифатиме и сметаме дека не треба да стои во спом енатиот извештај.

Точка 4.2.2.

Во врска со наодот под точка 4.2.2. во делот на доделени стипендии по основ на поднесени жалби Министерот за образование и наука врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08 и 167/10) на студентите кои поднеле жалба со остварен успех во текот на студирањето од 9-10 им доделил стипендии од типот А, со што е награден нивниот вложен труд и постигнатиот успех, впрочем и називот на типот на стипендиите гласи „Стипендија на министерот за образование и наука за талентирани студенти„ .Списокот за овие студенти Ви беше даден на увид во текот на вршење на ревизијата.

Дел од жалбите на студенти се усвоени по основ на констатирани грешки при бодирање од страна на комисијата, без при тоа да настанат промени во ранг листите на доделени стипендии.

Министерството за образование и наука смета дека со доделување на овие стипендии не е оштетен буџетот на РМ .

Точка 4.2.3.

Во врска со наодот под точка 4.2.3. и препораката „Министерството за образование и наука за склучените договори по 2007 година да обезбеди навремено известување до лицата кои нема да го запазат крајниот рок од 5 години за магистрирање/докторирање утврден во договорот за доделување стипендија Ве известуваме дека МОН со циркуларно писмо континуирано ги известува сите корисници на стипендија за обврската што произлегува од членот 4 точка 2 од Договорот за доделување стипендија за последиполомски студии во земјата истранство.

**Министерство за образование и наука**
Република Македонија

[redacted]

Се надеваме дека горенаведените забелешки ќе бидат земени во предвид при изработка на Конечниот извештај од Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на расходи за државни стипендии заедно со ревизија на усогласеност за 2011 година и истите нема да бидат опфатени во Конечниот ревизорски извештај.

Со почит,

МИНИСТЕР

**м–р Панче Кралев**

Доставено до:
- примач
- архива

# ОДГОВОР

## на забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор

На 08.08.2012 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на расходите за државни стипендии кои се вклучени во Билансот на приходи и расходи, заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за образование и наука, од страна на законскиот застапник на субјектот, м-р Панче Кралев, министер, заведени во Државниот завод за ревизија под бр. 22-128/6.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Во однос на наодот изнесен во точка 4.2.1. на страна 8 од Нацрт ревизорскиот извештај, која се однесува на обврската на МОН за објавување конкурс при доделување еднократни средства за изработка на магистерски и докторски трудови, МОН **дава известување** дека во почетокот на 2012 година со донесување на Правилник за начинот и постапката за финансирање, создавање и усовршување на научно-истражувачки кадри, веќе не се врши прием на нови барања за доделување еднократни средства за изработка на магистерски и докторски трудови се до објавување на Конкурс за истите. Ова известување не упатува на забелешка и не влијае на промена на ревизорскиот наод бидејќи обврската на МОН за објавување конкурс за доделување на средства за оваа намена и претходно била нормирана со Законот за научно истражувачка дејност од 2008 година.
   Забелешката на ревизорскиот наод во истата точка на Нацрт ревизорскиот извештај која се однесува на доделените стипендии за втор циклус за извршната МБА програма (магистерски студии за бизнис и администрација) на Универзитетот Шефилд од Велика Британија со седиште во Солун, се состои од објаснување дека сите средства за доделување на различни стипендии од втор и трет циклус се планирани со Програмата за научно-истражувачка дејност за 2011 година за доделување стипендии за последипломски и докторски студии, **делумно се прифаќа** и наодот ќе биде преформулиран со Конечниот извештај со тоа што зборовите „а кои не биле планирани со оваа програма во делот кој се однесува за овој вид стипендирање„ се бришат.

---

| Ревизорски тим: | Овластен државен ревизор |
|---|---|
| 1. ____________________________ | |
| 2. ____________________________ | ________________________ |
| 3. ____________________________ | |

Напоменуваме дека ревизорскиот наод е фокусиран на објаснување на слабостите и ефектите кои произлегуваат од начинот на планирање и реализација на Програмата за научно-истражувачка дејност за 2011 година од аспект на неможност за целосно исполнување на предвидените активности кои во услови кога средствата за последипломските студии збирно се планираат, а не по видови намени што создава ризик некои од нив да не бидат исплатени, како што е случај со недоделените средства како еднократна помош за изработка на магистерски и докторски трудови.

2. Во врска со ревизорскиот наод во точка 4.2.2. на страна 9 од Нацрт ревизорскиот извештај, МОН **дава објаснување** дека дел од жалбите за недоделени стипендии од типот А, со остварен успех од 9-10, насловени како „стипендии на министерот за образование за талентирани студенти„ , министерот ги усвоил врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ„ бр. 58/00, 44/02, 82/08 и 167/10), а дел од жалбите се усвоени по основ на констатирани грешки при бодирање од страна на Комисијата за доделување стипендии без притоа да настанат промени на ранг листите на доделените стипендии. Даденото објаснување не влијае на промена на ревизорскиот наод, кој се фокусира на констатациите дека дел од усвоените жалби според рангираните бодови се под долната граница на бодови утврдена за последниот кандидат на конечната ранг листа со што се ставени во нерамноправна положба студентите кои не добиле стипендија, а се повисоко рангирани во однос на оние на кои им се прифатени жалбите.

3. Во врска со наодот и препораката изнесени во точка 4.2.3. на страна 9 од Нацрт ревизорскиот извештај, МОН **дава објаснување** со прилог циркуларно писмо дека за склучените договори за доделување стипендии за последипломски студии во 2006/2007 година почнала да ги известува корисниците на стипендија за обврската што произлегува од членот 4, точка 2 од Договорот за доделување стипендија за последипломски студии во земјата и во странство. Овие преземени активности на министерството ги имавме предвид и во текот на ревизијата, па со дадената препорака само потенцираме дека оваа активност треба континуирано да продолжи и за договорите склучени во сите наредни години од аспект на неопходноста за ажурно и навремено известување на корисниците кои нема да го запазат крајниот рок од 5 години за магистрирање/докторирање заради благовремена наплата на побарувањата од нив, односно избегнување ризик од застарување на истите. Затоа цениме дека објснувањето на МОН не

упатува на забелешка и не влијае на промена на ревизорскиот наод од Нацрт ревизорскиот извештај во кој се дадени состојби и финансиски ефекти кои произлегуваат или од неисполнување на обврските на корисниците по склучените договори од 2001/2002 година или од нивно ненавремено известување од страна на министерството.

Скопје, 21.08.2012 година

Ревизорски тим:

1. ______________________________
2. ______________________________
3. ______________________________

Овластен државен ревизор

______________________________